**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2026 ГОДИНА ЗА МЕСЕЦ ЈУНИ**

## 1. ПРИХОДИ

Во периодот од **01.06.2026** година до **30.06.2026** година во Буџетот на Општина Берово приберени се приходи во износ од **9.362.505 денари** и тоа по следните основи:

| ВИД НА ПРИХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД | ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ |
|---|---|
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на **6%** од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со општествен капитал | **182.902** денари |
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на **6%** од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со приватен капитал | **393.009** денари |
| Данок на плати кои физичко лице ги остварува од странство | **415** денари |
| **100%** од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност регистрирани согласно со Законот за занаетчиска дејност на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста | **39.933** денари |
| Уплати по основ на данок на имот од физички и правни лица | **827.222** денари |
| Приходи по основ на уплатени даноци на недвижности и права и данок на наследство и подарок | **772.723** денари |

| | |
|---|---|
| Уплата на комунална такса за привремен престој од страна на регистрирани правни субјекти и физички лица кои нудат сместувачки капацитети | **8.800** денари |
| Такса за истакнување на фирма (фирмарина) | **56.000** денари |
| Комунална такса за користење на улици со патнички товарни возила што се плаќа при регистрација | **86.109** денари |
| Комунална такса што се плаќа за одржување на јавното осветлување | **1.024.305** денари |
| Такси за користење на просторот пред деловни простории, за користење на плоштад и др. | **77.230** денари |
| Комунален надоместок од уредување на градежно земјиште | **644.526** денари |
| Уплати по основ на административни такси кои се плаќаат за списи и други локални такси | **48.310** денари |
| Уплати по основ на закупнини на објекти и опрема во сопственост на општината | **118.875** денари |
| Уплати по основ на други неданочни приходи и приходи од органи на управа - надомест за користење на сала за венчавки и др.потреби, приходи од извршени уплати од министерствата за користење водовод и канализација на подрачните одделенија сместени во зградата на општината, **2** % од наплата на премии за каско и одговорност и надоместоци за изградба,реконструкција,одрж.и заштита на опш.патишта | **95.378** денари |

| | |
|---|---|
| Приходи од продажба на мебел и друга опрема – овој приход е сторниран во месец јуни бидејќи прибраните средства се на ОСУ Ацо Русковски – Берово и истите се префрлени на нивната сметка | **-142.000** денари |
| Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини, приходи од продажба на земјиште, приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти – легализација | **145.275** денари |
| Трансвер на средства од Буџетот на Р.С.М. во износ од **4.583.493** ден. по основ на **6%** данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и тоа основен дел **- 4,5%**, дел за перформанси **- 0,75%** и дел за воедначување **– 0,75%** ☐ трансвер на **400.000** ден. од страна на Министерството за култура и туризам - доделени средства согласно склучен договор за Летна култура - Берово | **4.983.493** денари |

## 2. РАСХОДИ

Во периодот од **01.06.2026** година до **30.06.2026** година од Буџетот на Општина Берово исплатени се вкупно **9.239.199 денари** и тоа за следните намени:

| **ВИД НА РАСХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД** | **ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ** |
|---|---|
| За плати на вработените во општината, плати за дел од вработените во Домот за стари лица | **3.268.359** денари |
| Исплатен надоместок за **1**(еден) месец за храна на вработените во ТППЕ трета смена | **31.228** денари |

| | |
|---|---|
| Од постојаната резерва (непредвидливи расходи) исплатени се **14**(четиринаесет) решенија донесени од страна на Советот на општината и тоа: **3**(три) решенија од по **5.000** ден. за незавидна финансиска состојба, **2**(две) решенија од по **10.000** ден. за болничко лекување, **3**(три) решенија од по **10.000** ден. исто така за незавидна финансиска состојба, **2**(две) решенија од по **30.000** ден. за црква Св.Ѓорги во с.Будинарци и црква Св.Параскева во с.Русиново, **1**(едно) решение од **25.000** ден. за ОСУ „Ацо Русковски„ – Берово, **1**(едно) решение од **6.000** ден. за ФК Напредок – Пехчево, **1**(едно) решение од **30.000** ден. е исплатено на здружението Света Троица Русинска, **1**(едно) решение од **200.000** ден. на ЗВИС– Владимирово за фестивалот „Фолк фест Владимирово„ и **7.223** ден. се платени по основ на персонален данок на доход од надоместоци за исплатените решенија кон физички лица | **393.223** денари |
| Исплатени дневници во земјата за м.**05/2026** год. на Градоначалникот и администрацијата и извршено е надополнување на ТАГ картичките на општината | **19.818** денари |
| Платено е дел од доставените фактури за ел.енергија и ул.осветлување за м.**04** и м.**05/2026** сума од **367.274** ден., за водовод и канализација за м.**04/2026** платени се **15.138** ден., за телефон,интернет и др.трошоци за комуникација, платени се **22.935** ден., за горива и масла **35.458** ден.,за поштенски услуги платено е **54.569** ден. и за регистрација на моторни возила **16.870** ден. | **512.244** денари |
| За набавка на канцелариски материјали платени се **23.329** ден., за прехрамбени продукти и пијалоци **6.203** ден. и **10.688** ден. за набавка на средства за хигиена | **40.220** денари |
| **23.010** ден. за поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, **264.476** ден. за јавна чистота на | |

| | |
|---|---|
| територијата на општината за м. **05/2026** □ **138.388** ден. за одржување на јавното зеленило, **47.040** ден. за чистење на градежна депонија, **120.797** ден. за поправка и сервисирање на возилата на општината и возилата на ТППЕ и **49.958** ден. за одржување на згради | **644.169** денари |
| **5.464** ден. за изнајмена просторија во с.Двориште за потребите на детската градинка, **79.296** ден. за услуги од овластени проценители, **16.290** ден. се уплатени на сметка на АКН за спроведување на прибелешка по записници за трајна експропријација, **99.865** ден. за др.договорни услуги од кои **33.040** ден. за услуги од телевизиски медиум, согласно склучен договор и останатите средства за исплата кон физички лица – учесници на настанот„Ајде да се дружиме„, **127.778** ден. за ветеринарни услуги – заловување на кучиња и **120.000** ден. за изнајмување на опрема за специјални намени – бина исто така за организирање на настанот „Ајде да се дружиме„ | **448.693** денари |
| **104.524** ден. за др.оперативни расходи - (**700** за цветни аранжмани, **509** ден. за камата, **10.000** ден. за апликативно решение за Буџет за **2026** год. и **68.502** ден. платено кон ЗЕЛС за дел од обврската за годишно одржување на информациските системи, **310** ден. за продолжување на домен на страната **visitberovo.com** и **24.503** ден. обврска за одржаниот настан „Ајде да се дружиме„), **52.015** ден. за објава на огласи, **5.020** ден. за репрезентација и **38.900** ден. се платени за дел од обврската за членарина кон ЗЕЛС за **2026** год. | **200.459** денари |
| Платена субвенција за **1** месец кон ЈПКР Услуга – Берово за измирување на обврските према доверителот ЕВН Хоме, ДОО – Скопје | **206.199** ден. |
| Исплатени **350.000** ден. на ОФК – Малеш – Берово, согласно склучен договор и програма за спорт за **2026** година и **100.000** ден. на Црвен крст – Берово, согласно донесена | |

| | |
|---|---|
| Одлука од страна на Советот на општината за доделување на финансиски средства | **450.000** ден. |
| **150.000** ден. буџетско учество се префрлени на донаторска сметка – ЛИФТ и **245.000** ден. на донаторската сметка – Вработување на жени и претприемништво<br><br>Исплатени се исто така **1** решение од **8.000** ден. – субвенција за полагање на возачки испит Б-категорија, **4** решенија од по **10.000** ден. за болничко лекување, **3** решенија од по **7.000** ден. се исплатени за новородено дете, **1** решение од **6.000** ден. субвенција за студенти запишани на државните универзитети, **2** решенија од по **10.000** ден. се исплатени на здружението Св.Троица Русинска и здржението Дабевец, **8.280** ден. се платени по основ на судски решенија, **96.866** ден. се исплатени за пензионирање на вработен во ТППЕ, **225.990** ден. платено за бонус плата на **5** вработени во ТППЕ и **108.900** ден. учество се платени кон ЗЈПРУО Еко Исток-североисток, согласно донесена Одлука од страна на Советот на општината.<br>По основ и на овие решенија и бонус плати исплатен е персонален данок на износ од **33.444** ден. | **963.480** денари |
| Платени **887.806** ден. дел од доставена ситуација за изградба на приклучок за вода за пиење во с.Ратево, **239.550** ден. за изготвување на проекти, **60.934** ден. за изработка и достава на канцелариски мебел за потребите на општината и **872.817** ден. се исплатени по основ на надомест за одземен имот – трајна експропријација за ул.Индустриска **3** во Берово | **2.061.107** денари |

Бр.**05-101/7**
**03.07.2026** год.

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
**Петар Ружински**